*„Верувањето во фактот дека можете да имате прекрасна кариера е само еден чекор пред нејзиното постигнување“*
*Сен Ајкен.*



# БИДЕТЕ НАШАТА ИДНИНА ДЕНЕС

**КБ Прво пензиско друштво АД Скопје – лидер на пазарот на пензиското осигурување во Република Северна Македонија,** препознатливо по своите етички принципи, висока стручност, професионалност и транспарентност во работењето, има потреба од вработување на две лица на позицијата помлад стручен соработник во Секторот за администирање на сметки.

Работниот однос се основа на определено работно време од 6 месеци, со можност за негово продолжување.
Работното време е 40 работни часа, секој работен ден од понеделник до петок.

Висината на платата е предмет на договор.

**Опис на работните обврски:**

- административни активности во секојдневното работење
- комуникација со членови на фондовите со кои управува Друштвото
- евиденција во рамки на пензиските фондови
- грижа за клиентите
- техничка поддршка во секторот
- останати работи по налог на претпоставените.

**Потребни квалификации:**

- Дипломирани или студенти на последна година од студии
- Да поседува возачка дозвола Б категорија и
- Претходно работно искуство не е потребно.

**Кандидатот е потребно да поседува:**

- Напредни вештини во MS Office;
- Комуникациски вештини, усмени и писмени;
- Проактивност, самоиницијативност и доверливост;
- Лична одговорност и интегритет;
- Спремност за учење и професионално усовршување.

Друштвото Ви нуди флексибилна и пријатна работна средина, како и можност за дополнителна обука и професионална надградба.

Доколку сте подготвени да ја креирате Вашата иднината денес, Ве охрабруваме да се приклучите на нашиот тим.

Вашата биографија ја очекуваме на следнава електронска адреса: **vrabotuvanje@kbprvo.com.mk** најдоцна до **20.04.2021.**

Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг ќе бидат повикани на интервју. Друштвото го задржува правото да не ангажира ниту еден кандидат од пријавените на конкурсот.

За дополнителни прашања, можете да стапите во директен контакт со КБ Прво пензиско друштво: vrabotuvanje@kbprvo.com.mk или на тел. 02 / 3243-777.

**Напомена:**
Согласно Законот за заштита на личните податоци, со доставувањето на вашата биографија за идните потреби на Друштвото, согласни сте вашите лични податоци да бидат користени во процесот на селекција на кадри. Друштвото Ве известува дека вашите лични податоци нема да бидат користени за ниедна друга цел, ниту, пак, би биле достапни на трети лица.

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk